## АМЕРИКА
## Големата Зета Македониа - Северен, Среден и Јужен Прекуокеански ЦУТ

Се смета дека единственото население во Америка се Индијанците. Таа констатација е застарена и погрешна. Покрај помалите племенски заедници во Америка живеел и македонскиот народ како домородно население. По изминати илјадници години, Македонците доживеале асимилација.

Според досегашните сфаќања на научниот свет, исто како во Европа и другите континенти, сите племенски заедници и народи се родени некаде, и дојдени од некаде, без никаков корен и континуитет, а по извесен период мистериозно исчезнуваат. Такво е мислењето и за племенските заедници во **Големата Зета Македониа Прекуокеански Цут**.

Културата на македонскиот народ е препознатлива преку науката, уметноста, и вера на територијата на Америка и е со изминат временски период од 70.000 г.мак.ера.п.п.христ., што може да се согледа преку пишаните документи. Американските староседелци, погрешно се наречени Индијанци. Тоа е заеднички назив за племенските заедници кои ги населуваат просторите од арктичка Канада и Аљаска до Огнената земја во Чиле и Аргентина, кои меѓусебно се разликуваат по јазикот, културата на живеење и физичкиот изглед. Заедничкото име на сите племенски заедници во Америка, пред да дојде Колумбо, дадено од Господарите - Владетели Македонци е МАИ - МАИТИ, што значи „И ВИЕ СТЕ ДЕЦА НА БОЖЈАТА МА“. Зборуваат мајански јазик, кој се смета дека се употребувал пред 5.000 г.мак.ера.п.п.христ., со пишан доказ од **„Остров МАНАНА“,** Maine SAD 4.000 – 3.000 г.мак.ера.п.п.христ. (види стр. 354).

Интересно е исто така што голем дел од мотивите присутни на рано и средно неолитските композиции од Македониа и пошироко од Македонскиот полуостров се „идентични од оние предисториските и релативно по современи сликани садови во Ново Мексико и Аризона.“[417] По извршена анализа на сликаните садови, геоглифи, цртежи на карпа и текстил од Северна, Средна и Јужна Америка може да се каже дека влијанието на македонската култура било огромно на овие простори во временскиот период од пред 75.000 г.мак.ера.п.п.христ., па сè до денес, кој не може да се дефинира како праисториски, туку ИСТОРИСКИ камен период на македонската култура и писменост во Америка. Индијанските племиња од Америка имаат многу записи и искази за можни контакти со луѓето од небото и вселената. Лингвистички набљудувано, имињата на овие ентитети го содржат кодот на кружењето на енергијата од груба, земна, во фина духовна. На пример „мудреците од вселената“ односно „од небото“ се викаат КАЧЕНИ или КАЧИНИ. Веднаш се забележуваат кодовите КА и ЧИ, а зборот на македонски јазик е сосема ист, односно оние кои се КАЧЕНИ горе“[418]. Тоа е така затоа што домородните индијански племиња од Америка, Македонците ги сметале за Господари - Владетели. Покрај развиената наука и уметност, Македонците успешно изработувале и летачки објекти со помош на кои можеле да поминуваат големо растојание за пократко време. На таа умешност се должи и изработката на „Наска линиите“ во Перу.

Досегашните сознанија на науката за наводните култури и локалитети на американскиот континент се:

**Педра Фурада,** каде се пронајдени човечки остатоци кои се со датирана старост од 30.000 – 19.000 г.мак.ера.п.п.христ. Педра Фурада содржи околу 800 археолошки локалитети во денешен Бразил, вклучувајќи бројни цртеж-лигатури на земја и карпа.

---

[417] Гоце Наумов, Магистерски труд” Орнаментиката и телесноста вонеолитската материјална култура од Република Македонија”; Универзитет „св. Кирил и Методиј“,Филозофски факултет, Институт за историја на уметноста и археологија, - Скопје 2009, стр.35
[418] Едни Македонци “Розата од вода” Аквариус 2008, стр. 345

**„Кловис културата“**[419] - (The Clovis culture), понекогаш нарекувана „Llano култура“, именувана според различните камени орудија пронајдени низ наоѓалиштата близу Кловис, (град во сојузната Американска држава Ново Мексико) во 1920 и 1930 година. „Кловис културата“ според радиокарбонската старост би се определила како 13.500 – 13.000 г.мак.ера.п.п.христ. Тие се сметаат и за предци на сите домородни жители на Зета Македониа Прекуокеански Северен Цут. Препознатливо за овие жители е производството на орудија од коска и слонова коска.

Во Југоисточна Аризона, појавата на луѓе од **Cochise култура**[420], според досегашните сознанија, датираат најмалку од пред 10.000 г.мак.ера.п.п.христ. Интересно за тоа време е присуството на животните: мамут, коњ, бизон и големиот волк, кои сите подоцна исчезнале. Сиве овие откритија предизвикуваат несогласување помеѓу научниот свет, помеѓу северноамериканските археолози и нивните колеги од Јужна Америка и Европа.

Се смета дека **Инките** ги изградиле мегалитските ѕидови во **Куско** што не е точно. Мегалитските ѕидови се изградени од Господарите - Владетели Македонци со изминат временски период од најмалку 70.000 г.мак.ера.п.п.христ.Името на главниот град, од тоа време како топоним е македонски збор, што значи куско или кусиот, малиот. Тоа произлегува бидејќи човекот се смета за кус – малечок во споредба со огромните камени блокови, симболи на божествената моќ на Богот на Сонцето ИЛИ. Мегалитскиот ѕид е симбол на моќта, но тој ја претставува и огромната моќ на капките роса, како виножито или духот божји Македон. Уште едно светско чудо, изградено од Македонците, се наоѓа во пустината **Наска во Перу**. За Наска поопширно се објаснува на следните страници.

За **„Саладо културата“** (Salado culture) пронајдени се населби долж реката Салт ривер (Солена река), околу Тонто басенот во денешна југоисточна Аризона во Соединетите Американски држави, некаде од околу 1150 год. па сè до 15-от век. Саладо е во центарот од трите признати периоди од општествениот развој на Југозападниот дел на Anasazi на север, Mogollon на исток и југ, Hohokam на запад и југозапад. Познатата **повеќебојната керамика**[421] од овој регион, е класа на керамика направена со користење ист или сличен материјал и суровина. Археолозите салдо керамиката ја делат на три главни типови - Пинто, Gila, и Tonto, поделба базирана главно на нивниот дизајн. Pinto е првичен вид керамика изработувана отприлика некаде во 1280 – 1330 г.мак.ера.п.п.христ., потоа следи Gila 1300 - 1450 г.мак.ера.п.п.христ. и Tonto 1350 - 1450 г.мак.ера.п.п.христ.

**Динетах** (навахо јазик: Dinétah) е традиционална татковина на **Навахо племето**. Во географска смисла, Динетах е голем простор северозападно од Њу Мексико, југозападно од Колорадо, југоисточно од Јута и североисточно од Аризона. Точните граници на територијата не се познати и воглавно се бележани спрема врвовите на планините што одговараат со четирите основни страни. Навахо народот го завзема регионот Динетах како нивна татковина. Традицијата на народот и целата навахо митологија се поврзани со регионот и регионот играл значајна улога во животот на навахо народот. Тој е многу голем по површина, но срцето на регионот е местото со кањони на јужниот дел од реката Сан Хуан на местата Ларго и Каризо во Њу Мексико. Овие кањони се сместени на исток и југ од Фармингтон, Њу Мексико. Значењето на регионот за народот е забележано во усната традиција на навахо племето низ историјата, но и исто така поддржана и од поголем број на археолошки пронајдоци и од цртежи на карпа.Во пештерата, позната како Paisley во јужниот централен Орегон, има фосилизирани човечки остатоци датирани од пред околу 12.400 г.мак.ера.п.п.христ., но, исто така се пронајдени, коски на коњи и камили кои исчезнале во Северна Америка пред 11.000 г.мак.ера.п.п.христ..[422]

---

[419] http://en.wikipedia.org/wiki/Clovis_culture, пристапено на 21.01.2015
[420] http://en.wikipedia.org/wiki/Clovis_culture, пристапено на 21.01.2015.
[421] http://www.archaeologysouthwest.org/2012/03/23/salado-polychrome-pottery-part-1/, пристапено на 21.01.2015
[422]http://thedailyjournalist.com/the-historian/nevada-petroglyphs-could-be-14-800-years-old-america-s-oldest-art/, пристапено на 21.01.2015

**01. „За нашата вера“**

Зета Македониа Прекуокеански Јужен ЦУТ, Наска линии (денешен Перу), 100.000 – 70.000 г.мак.ера.п.п.христ.




Сл. 424 Местоположбата на областа Наска во Перу.

**Наска линиите** се серија на прастари геоглифи (цртежи на земја), кои се наоѓаат во истоимената пустина во Перу. Тие се денес дел од светското културно наследство на УНЕСКО. Површината која ја зафаќаат линиите е околу 550 квадратни километри, помеѓу градовите Наска и Палпа. Научниците тврдат дека тие се дел од културата на Наските, кои датираат од 200 год.мак.ера.пред.п.хр. до 700 год. мак.ера.п.п.христ. Линиите се создадени со отстранување на црвенкастата површина и со појавување на посветла почва. Се појавуваат во форма на различни животни, како на пример: птица, мајмун, риба и човекови форми. Тоа се километри од линии и големи цртежи, (некои со големина на фудбалско игралиште). Поради сувата клима која владее во тој дел од Перу, линиите денес се доста добро зачувани. Сѐ уште не се знае за што всушност биле употребувани овие линии, која е причината за нивно создавање и кој ги создал. Тие се основа на многу теории. Линиите биле проучувани од антрополози, археолози и астрономи, но сѐ уште не нашле докази, со кои може да се потврди некоја од нивните теории. Иако некои луѓе не веруваат дека е можно толку големи фигури да бидат создадени од човечка рака, вистината е дека луѓето кои ги создале линиите располагале со високо развиена свест, наука и техника. Денес има голема дебата за причините за создавање на линиите, но голем дел од истражувачите веруваат дека тие имале **религиозна цел.**

**Марија Раих** (1903 – 1998), Германски математичар и археолог е најпознатиот изучувач на Наска линиите. Во 1932 година работела како дадилка и учителка на Германскиот конзул во Перу. Со започнување на втората светска војна, таа решава да остане во Перу и да не се враќа во родната Германија, така што во 1940 година станува асистент на американскиот историчар **Пол Косоку**, кој ги открива Наска линиите, и така во 1946 година започнува нивното истражување. Бидејќи линиите јасно се гледаат од горе, при авионска обиколка, на тој начин се направени и фотографиите. Тој, интересирајќи се за системите за наводнување, забележал како една линија е насочена директно кон сонцето, сугерирајќи дека тоа е маркер за зимската краткодневица, а шест месеци подоцна г-ѓа Марија Раих открива линија која посочува на летната долгоденица, со што започнува долгогодишното истражување на, како што д-р Кусоку наведува, „**најголемата астрономска книга на светот.**“ Во 1948 година Косоку го напушта Перу, меѓутоа истражувањето за линиите продолжува. Според долгогодишните истражувања на Марија Раих, која следните 50 години од својот живот ги посветува на Наска линиите, испитала повеќе од 1.000 линии и ја застапува теоријата дека линиите се користени како соларен календар и како опсерваторија за астрономски набљудувања, создадени некаде околу 400 г.мак.ера.п.п.христ. до 800 г.мак.ера.п.п.христ. Своите теории ги изложила во книгата „Мистеријата на пустината.“[423]

Според моето истражување, Наска линиите се најголема македонска библиотека, направени од луѓето Македонци, сведочејќи за нивната големина и големината на нивниот Бог ИЛИ - ИЛ, за нивната наука, историја и култура, преку верата на сонцето, Космосот,ројот, сојот, родот Македонски, рајот и настанокот на светот, но и начинот за опстојување и патување низ времето.

[423] http://www.maria-reiche.de/, пристапено на 21.05.2015

Линиите ги симболизираат сончевите зраци, а должината на самата линија ја симболизира желбата на луѓето сончевите денови да бидат побројни, подолги, поплодни и временски бесконечни.

Наска линиите не содржат само цртежи чија природа сè уште е мистерија, туку и слова ЦУТНИ од кирилското и латинското писмо на Македонците, букви кои се користат и ден денес со мали стилски разлики. Пишувано е во вид на лигатури. Најчесто неразбирливи, огромни по димензии, како уметничко дело во шифри, тајна порака за идните генерации Македонци, за нивниот опстанок, воздигнување и реинкарнација. Пораката е тајна поради големиот број непријателски сили, кои потекнуваат од самите нив како одродени Македонци. Наска линиите се тајна поради моќта која ја кријат за ВЛАДЕЕЊЕ на светот. Тоа е тајното оружје кое лесно може да се употреби од Македонците безбожници против самите себе. Намерата за самоуништување им успеала. Значењето на линиите и пирамидите како оружје е заборавено. Но, благодарение на силата божја ИЛИ – ИЛ, благодарение на силата на умот македонски, писмото, јазикот и силата на некои Македонци како владетели опстојуваме до денес. Пораката е тајна поради нејзината светост. Тоа е тајната на моќта на македонската духовна енергија која служела за движење преку пирамидите од Зета до Зета од континент до континент, од земјата до сонцето и од сонцето кон божјата мајка на светлината Големата МА, (Големата Ма од светлото и темното родилка на воскресението). Дешифрирањето на Наска линиите е можно само преку ЈАЗИК, ПИСМО и КУЛТУРА МАКЕДОНСКА.



Сл. 425 Снимка од “google earth” со шематски приказ на две пирамиди и двојното око, на светото и световното тројство. Пустина Наска.

Симболиката на линиите и фигурите служат за претставување на македонската вера и историја за обичните необразовани луѓе и за тие луѓе што не го говореле македонскиот јазик и не го разбирале македонското писмо, а воедно живееле со Македонците како нивни поданици. Сето ова и до некаде ни ја разрешува токму и причината и целта за која се тие создадени, што е само нова и интересна теорија од мозаикот теории и интерпретации за Наска**. Тие го претставуваат македонскиот Бог ИЛИ - ИЛ, ја претставуваат нашата вечност и бесконечност на постоењето и пловење со вселенските линии на времето.** Тие се вид на **календар за минатото и претскажување на иднината,** а со нив е прикажан настанокот на светот, патот на духот божји од сонцето кон земјата и обратно со македонските симболи. Овој локалитет претс-

тавува едно уметничко **дело на плодноста, пролетта Дон – цутот и Македониа – рајот, на големата Зета Македониа со нејзините владетели: зетови и невести, тестови и тешти.** Со нив е пишуван текст, порака, на македонски јазик, наменета за идните генерации, креирана со години. Самото име на малото гратче е на македонски дијалектен говор од Солунско – Костурско – Струмичкиот регион. Наска е македонски збор толкуван како **ЈАСКА** во еднина со значење **ЈАС** и зборот во множина **НАСКА** што значи **ЗА НАС**. Тие изградиле неверојатни објекти со уметничка, конструктивна и практична вредност кои опстоиле до денес да сведочат за нивната божественост. Содржат јасна и строга математичка прецизност, обемност и физичка концизност што води до заклучок дека Македонците од тој историски период имале солидно познавање на неколку научни дисциплини. Текстот кои го содржат е своевидно обраќање кон Богот Сонце **ИЛИ** – **ИЛ**, кон големината на Господарството **Зета Македониа** и нејзините владетели па сѐ до пораки и натписи за секојдневниот живот, желбата за плодна година, предвидувања и визии за некои зачудувачко далечни предмети и појави. Како и на кој начин тоа им успеало останува мистерија, но она што е наша задача како објаснување на горенаведеното, се разработува во следните толкувања, транскрипции и илустрации.

Наска е специфичен натпис или запис за македонската наука и уметност со нејзината вера за сонцето и Космосот, Богот ИЛИ – ИЛ, Seyc, божјата МА, Дон и Господарите - Владетели Македонци. Во пустината Наска се изградени со линии, НАЈГОЛЕМИТЕ И НАЈУБАВИТЕ ПИРАМИДИ НА СВЕТОТ и тоа пирамидата на сонцето со димензии од 9200 м x 9200 м x 9550 м. И пирамидата на љубовта и божјата МА со димензии од 4200 м x 4200 м x 5300 м. Времето на постанокот на Наска линиите не е познато, но од многуте теоретичари кој не го познаваат македонскиот јазик, писмо и култура, изнесува од пред 500 г.мак.е.п.п.х. до 700 г.мак.ера.п.п.христ.

Според покажаната наука и техника во изработката на геоглифите, во вид на лигатури, писмото и јазикот кој е користен, запишаните имиња и обликот на владеење во вид на Зета и името на државата Македониа и темата која се обработува, може со сигурност да се каже дека Наска линиите се направени од народот Македон во големата Зета Македониа со изминат временски период, кој кореспондира со натписите од целиот свет, со претпоставка 400.000 – 75.000 г.мак.ера.п.п.христ. Тие се правени со години, векови со што континуитетот е одржан.

Следува дешифрирање на еден мал дел од линиите кои се присутни во Наска. Со ова е отворен патот на помладите истражувачи да истражуваат и на самото место. Користени се сателитски снимки од „google earth“.

**01/1 „Пирамида на сонцето“**




Сл. 426 Анализа на геоглифот наречен “Пирамида на сонцето”.




Сл. 427 Препознатливите симболи од македонската вера.

| Дешифриран текст. | Транскрибиран на современ македонски јазик. |
|---|---|
| 1, 2. **Ѕе на ИЛ.** | |
| 3. ИЛ, ли од до. | ИЛ ЛИ ОД ДО. |
| 4. ИЛ - ЅЕУС ИТАЛ И Л‘САЛ ЛУДО. | ИЛ – ЅЕУС ИТАЛ И СВЕТЕЛ ЛУДО. |
| 5. Н‘ДА ЛУНА ШКРТА, | НАДА ВО ЛУНАТА ШКРТА, |
| С УЈ К‘Д ИЛ ЈОШ УЛИ. | СО ЖЕЛБИ ИЛ УШТЕ ГО МОЛИ. |
| 6. ОЈ ДОДО ДОДОЛЕ МОЈ БОЖЕЛЕ, | ОЈ ДОДО ДОДОЛЕ, МОЈ БОЖЕ ЛЕ. |
| ИЛ‘С И ДОДОИ ИДООДО, | СО ИЛ‘С И ДОДОИ ИДООДО, |
| ЕСИ ИПС‘С, | Е СО ТАА МОЛЊА, |
| И С‘С ПС‘ | И СО БЛЕСОК СПАС. |
| Д ОДОЛ ДОДО, | ДО ОДОЛ ДОДО, |
| ДОДОЛ ДОДО | ДОДОЛ ДОДО. |
| 7. ИЛ И ЗЕТА | ИЛ И ЗЕТА |
| МАКЕДОНИЈА | МАКЕДОНИЈА. |
| 8. ГУ Н УЈ‘М, | ГНУ НА УЈАМ, |
| УЈ Ј‘ШТЕ ИЛ. | ЖЕЛБАТА Е УШТЕ НА ИЛ. |
| 9. СО КЕФ, Ј‘ШТ ОД МИГ Л‘ДНИ, | СО КЕФ, УШТЕ ДАР ПО МИГОТ ЛАДЕН, |
| ДАР ОД РАД ОД АР, | И ДАР ОД РАД, ОД АР, |
| И ДАР М ИГ Л’ДИ, | И ДАР МОЈ ИГРА ЛУДО. |
| З‘Т Г‘ГЛ – ЗЕТА МАКЕДОНИА. | ЗЕТ Г‘ГЛ И ЗЕТА МАКЕДОНИЈА. |
| 10. УИ ОД ИЛ ВО ОКОТО. | ЖЕЛБАТА НА ИЛ ОД ОКОТО. |
| 11. О... Ѕ‘Л ИЛ Р‘Г. | О... ЅИРНАЛ ИЛ СО РОГОТ. |
| ИЛ ЛИЛ РИЛ ИГ‘Л ТЕШТ. | ИЛ ЛИЕЛ, ОПЛОДУВА ИГ‘Л ТЕШТ. |

| | |
|---|---|
| УИ ЛИЈИ, | УЈИ ЛИЈЕ, |
| XXII Т‘ГА.<br>ИЛ У УЛ‘ВА ЛУНА, | XII (месеци) ТАГА.<br>ИЛ И УЛАВА ЛУНА, |
| 12. СО СВЕТОТО ТРОЈСТВО<br>ИЛИ, ДОН И МАКЕДОН. | СО СВЕТОТО ТРО<br>ИЛИ, ДОН И МАКЕДОН. |

- „**Симбол на погледот SE**“




Сл. 428 Геоглиф бр. 1. Поглед SE, светлост, дух божји Македон со четири годишни периоди.

Правецот на движењето за толкување на линиите е од северозапад кон југоисток. Меѓу мозаикот од линии се распознаваат главни и помошни линии на верски пораки. Линиите формираат букви и цртежи. Почетниот геоглиф на македонската вера „ЗА НАС“ е „Погледот „SE“. Тој претставува: поглед, светлост, четири сончеви зраци, четири годишни периоди, дух божји Македон, енергија која се движи од сонцето кон земјата и од земјата кон сонцето. Еден од симболите на сончевиот зрак за Македонците бил коњот. Господарите - Владетели Маке-донци качени на коњ, како на сончев зрак патувале кон Сонцето и Космосот.

Разноврсноста на теорите и мистериозноста на линиите сè уште претставуваат атракција за луѓето од целиот свет. Во ова место, во ова светилиште прикажана е на некој начин целата структура на културата на еден мудар народ со развиена наука, уметност, и вера, на моменти со неверојатна вонземска предвидувачка моќ, со прецизност и расудувачка способност на еден современ научник и со чиста посветеност и предаденост кон изворот на животот – Сонцето, отелотворен во врвното и единствено божество – Богот ИЛИ - ИЛЕ со зраците ИЛ. Линиите кои се како создадени од духовни битија, говорат непрекинато за еден изминат долг временски период со истата жар и мотив, континуирано создавани од таа духовна енергија која надоаѓа од вселената и циклично повторно се враќа, може да се сметаат како веродостојни записи за историјата на македонската цивилизација која е жива до денес, преку македонската вера, која е преточена во христијанството и преку народните обичаи и приказни од Македониа, пренесени од времето на Големата Зета Македониа низ целиот свет.

## 01/2 „На ИЛ“




Сл. 429 Геоглиф бр. 2. Наска линиите.

## 01/3 „ИЛИ ли од до“




Сл. 430 Геоглифот бр. 3 со испишан текст: „ИЛИ ЛИ, ОД ДО“.

На геоглифот, како централна фигура на пирамидата на сонцето, испишан е текстот: „ИЛИ ЛИ, ОД ДО“, што значи: „ИЛИ пролевај сончеви зраци од XXI-ви до XXI-ви, преку четирите годишни периоди“. Сонцето ИЛИ испушта една централна линија која се движи до врвот на пирамидата. Таа линија е столб на самата пирамида кон која се придружува линијата на божјата молња „SE“.

## 01/4 „Божја молња ‘SE‘ “




Сл.431 А Геоглиф бр. 4. Дешифриран текст **- ИЛ SEУС**




Сл. 431 Б Геоглиф бр. 4.

- ИТАЛ И ЛСАЛ ЛУДО.

Геоглифот под број 4 формира една порака, која гласи:

„ИЛ SEУС ИТАЛ И Л‘САЛ ЛУДО“, всушност:

„МОЛЊАТА СЕ СПУШТА ОД ВИСОЧИНИТЕ СВЕТИ ЛУДО“.

Богот ИЛИ - ИЛ како синоним за сончев зрак е синоним за молњата на божјиот Seус. „SE-УС“ не е божество, тоа е божја карактеристика, тоа е манифестација на силата на оплодувачката божја моќ. Бог ИЛИ се огласува, со силен блесок и тресок влегувајќи во усните на земјата. По чинот на спојување, настапува оплодувањето преку виножитото со ситна роса – божја семенка, што претставува духот божји Македон. Според напишаниот текст, божјата молња „SE“ мора да се предизвика со специјални обреди. Обредот за предизвикување на почеток од оплодувањето е стар со стотици илјади години, а сè уште е жив кај Македонскиот народ под името „Додолски обредни песни“.

**01/5 „Надеж во луната шкрта“**

Македонецот земјоделец за неговиот опстанок и богат род создал специфични ритуални песни, кои се практикуваат и денес во Македониа под името **ДОДОЛИЦИ.**




Сл. 432 Геоглиф бр. 5.




Сл. 432 а Дешифриран текст

**Се чита од десно кон лево**

ИЛУ ШОЈ Ј ЛИ Д’К ЈУ С АТРКШ АНУЛ АД’Н <

Транскрибирано на современ македонски јазик:

„СПИРАЛАТА (вечниот живот, извор на плодноста – душата) СО НАДЕЖ, МЕСЕЦОТ ШКРТ ЗА МЕНЕ, КОГА БОГОТ ИЛ, ЈАС УШТЕ ГО МОЛАМ”.

## 01/6 „Додолски обредни песни“




Сл. 433 Анализа. Геоглиф бр. 6. Кондор - молња

>ОЈ ДОДО ДОДОЛЕ МОЈ БОЖЕЛЕ

ОДОД ЛОДОД, ОДОД ЛОДО Д, СП С‘СО И, С‘СПИ ИСЕ, ОДООД И ИОДОД И ИСЛ <

Локалитетот, посветен на додолската песна, е во непосредна близина на божјата молња SE-УС. Гласот на македонскиот народот со една линија на вечноста пристига до самиот врв на пирамидата на сонцето.

Транскрибирано на современ македонски јазик пишува:

- ОЈ ДОДО ДОДОЛЕ, МОЈ БОЖЕЛЕ, СО Л‘СИ И ДОДОИ ИДООДО, Е СО ТАА МОЛЊА И СО БЛЕСОК СПАС. ДО ОДОЛ ДОДО, ДОДОЛ ДОДО.

Извикот „ОЈ“, е повик до Богот ИЛИ со светлосните зраци, природата да ја „ДОДОИ“, во четирите годишни периоди со зборовите: „И ДО ОД О“ или „ОД ДО“. И тоа само со молњата и нејзиниот блесок, кога ќе се истури дожд, роса. И сето тоа да се случи во ЗЕТА МАКЕДОНИА.





Бог е претставен со птица, сончев зрак, ракета или два триаголника симбол на две божества. Топчестата форма ја претставува Македониа со плодот. Двата триаголника претставуваат пренос на енергијата од духовна во материјална и обратно. Цртежот од Наска, сличен на цртежот од Караново (сл.434).

Сл. 434
Археолошки наод

Сл. 435
Цртеж Наска линии.од Караново.

**01/7 „Зета Македониа со плодот“**




Сл. 436 - Богот ИЛ и Зета Македониа со плодот. Македонски килим.

Цртежот на земја со димензии 45 м X 30 м со локација 14, 41, 38, 92, S 75, о7, 20, 50, W во пустината Наска ја претставува **мравката** како симбол на работливост, упорност и сила за прибирање плодови, или **пајак**, симбол на препреденост, стрпливост, но со богат товар на плодови. Стилизацијата на овие два инсекта толку мали колку што е мал човекот во однос на Богот ИЛЕ – ИЛ, ја претставува Македониа заедно со Богот ИЛ каде може да се прочита „ЗЕТА МАКЕДОНИА СО БОГОТ ИЛ“. Овој мотив е присутен до ден-денес на македонскиот килим.

**01/8 „Говедо (лама)“ – жртва на Богот ИЛИ – ИЛ**




Сл. 437

Дешифриран текст, се чита од десно кон лево.
ЛИ ЕТШ’Ј ЈУ М’ЈУ Н УГ <

Транскрибирано на современ македонски јазик:

- ГОВЕДОТО ЗА УЈАМ, ЖЕЛБА Е УШТЕ НА ИЛ. (УЈАМ – ЖРТВА)

Геоглифот (14, 42, 23, 09, с 75, 07, 51, 03, w, погрешно наречено „куче“) е всушност „ГУ“. Во Зета Македониа Наниа се среќава под името „ГНУ“. Името гну означува еден вид на говедо, застапено денес во Африка.

Ритуалниот обред на жртвување добиток потекнува од историскиот камен период на македонскиот народ, а е уште присутен како на пример за празникот Ѓурѓовден или Илинден. Појавата на христијанството претставува можност за уништување на македонската вера и култура. Појавата на новата митологија - религија со извртени факти и настани, а создадена од самите одродени Македонци, имала големи потешкотии во централна и југоисточна Европа, каде Македонците биле претставувани како многубошци.

**01/9 „Времепловот на дар од рад“**




Сл.438




>македониа > зета т ш‘ ј ф е к о с < лг‘г т‘з <

Текстот од геоглифот:

„СО КЕФ, Ј‘ШТ ДАР ОД МИГ Л’ДНИ РАД ОД АР, И ДАР М ИГ Л’ДИ. З‘Т Г‘ГЛ – ЗЕТА МАКЕДОНИА.“

Интерпретирано на современ македонски јазик:

„СО КЕФ, УШТЕ ДАР ПО МИГОТ ЛАДЕН И ДАР ОД РАД, МОЈ ИГРА ЛУД. ЗЕТ Г‘ГЛ ВО ЗЕТА МАКЕДОНИА, ОД СОЗДАВАЊЕТО НА СВЕТОТ ДО ДЕНЕС ВО СПИРАЛНИТЕ КРУГОВИ НА ПЛОДНОСТА ЗА ВЕЧНОСТ.“

**Читање на времепловот:**

Со доаѓањето на пролетта на 21-ви март, природата се буди и расте како “луда” или тоа е „ДАР ВО МИГОТ НА ЛУДОСТА“ на природата. Симбол за лудиот развој на природата за Македонците од тој регион бил МАЈМУНОТ.

Големото поле со неговите димензии и линии претставува шифрирана порака за успонот и падот на Големата Зета Македониа.

Уништувањето на македонската држава се случува со развитокот на помалите племенски заедници. Македонскиот народ бил асимилиран, но науката, уметноста, и верувањето во Богот Сонце ИЛИ – ИЛ било прифатено, развивајќи се и во државите на таканаречените Инки и Маи. Македонската култура до денес опстојува преку обичаите, носиите и килимите кај староседелците во Јужна и Северна Америка. Староседелците од Северна Америка - Навахо Индијанците самите себе се нарекувале **ДИНЕ,** што значи ЛУЃЕ. Ова име е слично со македонските

имиња: ДИНЕ, ДОНЕ, ДОН, ДИОН, ДИОНИС што значи: ЛУЃЕ БОГОВИ НА ЗЕМЈАТА. На денот на пролетта се одржувале Дионисии со песни и жртва во храна.

**01/10 „Окото на Господарите - Владетели Македонци“** со пирамида на љубовта.

14,4706,38 S – 75,05,11,55 W




Сл.439 Окото на Господарите - Владетели Македонци

На окото на Господарите - Владетели Македонци пишувало „УИ ОД ИЛ“, што би го означувало карактерот на Богот ИЛ. Окото е претставено со: ирис, зеница, тело на окото, жижа или сончев блесок. Од окото излегува очниот нерв на духовната енергија, верското тројство, од Сонцето ИЛИ, ДОН и духот божји Македон. Второто тројство или материјалната енергија е таа што се создава на земјата од АР, кон Господарите - Владетели Македонци и се враќа кон Сонцето, преку другиот оптички нерв. Двете енергии влегувајќи и излегувајќи од окото формираат пирамида на љубовта или пирамида на Божјата Ѕемја. Од центарот на пирамидата на Сонцето излегува зрак, кој оди преку окото на Господарите - Владетели Македонци и преку средината на пирамида на љубовта, пристигнува до геоглифот „Македониа“ и јајцето, како симбол на раѓање на плодот каде пишува: „Г УТ П‘Г ОП“, со значење: „ТОЈ УТ ПОВТОРНО РАЃА“. Со преносно значење а тоа е „ПО СМРТТА ОД БОЖЈАТА СЕМЕНКА ПОВТОРНО ЌЕ СЕ РОДИ НОВ ЖИВОТ“

**01/11 „Машкиот принцип на Богот ИЛ“**







Сл. 440




Сл. 11/1

> О... S’Л ИЛ Р’Г - О... ГЛЕДАМЕ БОЖЈИ РОГ. (машки принцип).




Сл. 11/2 - ИЛ ЛИЛ, РИЛ ИГ‘Л ТЕШТ.




Сл. 11/3

>ИЛ У УЛАВА ЛУНА.

Сл. 11/1 1. О... S‘Л ИЛ Р‘Г. ИЛ ЛИЛ РИЛ ИГ‘Л ТЕШТ.
Сл. 11/2 2. УИ ЛИЈИ, XII Т‘ГА.
Сл. 11/3 3. ИЛ У УЛ‘ВА ЛУНА.

Вкупниот текст транскрибиран на современ македонски јазик:

11/1 – О... ГЛЕДАМЕ БОЖЈИ МАШКИ ПРИНЦИП. ИЛ ЛИЛ, РИЛ ИГЛ ТЕШТ.

11/2 – РАСТИ ЛИЈ (ДА СЕ РОДИ), МЕНЕ ТАГА (ЗАГРИЖЕН ЗА ПРИНОСОТ) ЗА ДВАНАЕСЕТ МЕСЕЦИ

11/3 – И ВО ЛУНА УЛАВА ВО ДВАНАЕСЕТ МЕСЕЦИ ВО РОД.

**01/12 „Световно верско тројство"- Божја вила. - Самовила.**




Сл. 441 Божја вила-свето тројство во правец на движење кон Македониа.

Световно (линеарно) верско тројство е составено од: божјите зраци ИЛ, божјата земја МА и Господарите - Владетели Македонци. Од ова тројство ќе се роди плод, кој е во дви-жење во правец кон Македониа. (14472032 S 75020356 W)

**01/13 „ Пирамида на божјата МАДОН"**

Фотографијата на дел од пустината Наска, преку Google earth, каде секој може лесно да ги пронајде геоглифите, со помош на оваа шема.



Сл. 442 Пирамида на љубовта, бжјото јајце и утката




Сл. 443 Откриени натписи.

**Дешифрираниот текст е:**

1. Светото тројство: ИЛИ – ИЛ, Дон и дух божји Македон.
2. И ИТ Н П‘Т ПИЛ XXI-ви. ИК‘Л УИ Л‘JИ XXI-ви.
3. ИЛИ – ИЛ JA ИДУ!
4. У МАКЕДОНИJA.
5. У УСНИ СО JAJЦЕ. Г УТ ОП П‘К.
6. ТИ УТ Н‘Ш Л‘ПА Г Р‘СИ ИТА И ИЛ XXI-ви.
7. И У ИЛ ТАКА ИДУ, У XXI-ви и XXI-ви ИШТ.
8. XII УИ J И, С‘J ИЛИ С‘СПИ СИ ИДУ.
   С‘J ИЛИ С‘ СПИСИ ИДУ.
   С‘J ИЛИ С‘ С‘ПИ СИ ИДУ.

**Текстот транскрибиран на современ македонски јазик гласи:**

1. Со светото тројство од: ИЛИ – ИЛ, ДОН и БОЖJИ ДУХ МАКЕДОН.
2. И ИТА НА ПАТ РАЃАЊЕТО, ОД XXI-ви ‘РТИ. УТКАТА ЛИЕ (смрт) ОД XXI-ви.
3. ИЛИ – ИЛ И JAC ОДАМ! (Се мисли на сончев зрак како машки принцип.)
4. ВО МАКЕДОНИJA.
5. ВО УСНИТЕ СО JAJЦЕТО. СО ЉУБОВ ПО УТКАТА И ПО УТКАТА, СЕ РАЃА ПОВТОРНО.
6. ТОJ УТ НАШ ЛАПА. СО ЉУБОВ РОСИ ИТА И ИЛ XXI-ви.
7. И СО ИЛ ТАКА ОДАМ, ОД XXI-ви ДО XXI-ви СО ИШТАВ (со желба).
8. XII месеци JAC И, JAC КОГА Е ИЛИ НА ЗАJДИСОНЦЕ, СИ ОДАМ.
   JAC КОГА СО ИЛИ СО ЗАПИСИ СИ ОДАМ.
   JAC КОГА СО ИЛИ ЗА С‘ПИ СИ ОДАМ. (За спас си одам.)

**Геоглифот бр. 8 е поставен во правец кон Македонија рајот.**

Бр. 13/1,2,3 „Патот на светото тројство“




Сл. 444 бр. 1




Сл. 444 бр. 2




Сл. 444 бр. 3/1




Сл. 444 бр. 3/2

На врвот од пиамидата на љубовта се наоѓа окото на Господарите - Владетели Македонци во исчекување на светото тројство и тоа ИЛИ ДОН И духот божји МАКЕДОН. Реперните точки и натписи ја оформуваат пирамидата на љубовта кои гласат:

1. Со светото тројство од: ИЛИ – ИЛ, ДОН и БОЖЈИ ДУХ МАКЕДОН.
2. И ИТА НА ПАТ РАЃАЊЕТО, ОД XXI-ви ‘РТИ. УТКАТА ЛИЕ (смрт) ОД XXI-ви.
3. ИЛИ – ИЛ И ЈАС ОДАМ! (Се мисли на сончев зрак како машки принцип.)




Сл. 444 бр. 4 **„Бродот на духот божји Македон“**

Бродот (сл.444 бр. 4) на духот божји Македон е своевидно чудо во пустината Наска. Овој геоглиф е времеплов на Господарите - Владетели Македонци. Нивното минато, нивната современост, вера, наука и уметност, нивната иднина, од периодот на петнаесеттиот век и периодот на дваесеттиот век и иднина која допрва ќе дојде. Геоглифот претставува место за пристигнување на божјиот дух Македон од правецот на Македониа. Тоа е пристаниште на бродови, ракети и сончеви зраци. Преку овој геоглиф, душите на Господарите - Владетели Македонци како и создадената материјална енергија собрана на едно место, качени на сончевиот зрак се враќаат преку пирамидата на љубовта и пирамидата на сонцето кон Богот ИЛИ. Македонскиот аеродром е со должина од 640 м. Под агол од 32º, кој е агол од Перу кон Македониа во однос север – југ. Големината на ракетата на иднината е 1.800 м зголемена со четири нули, го датира периодот на патувањата на Македонците пред 180.000 г.мак.ера.п.п.х. Патеката за спуштање на ракетата е долга 3.650 м. Оддалеченоста на Македониа (мегалитски ѕид – Богословец) до Наска е 11.666 километри.



Сл. 445 Мегалитски ѕид „Македон“ Богословец, Свети Николе – Македониа [424]

[424] http://www.igeografija.mk/Portal/?p=368, пристапено на 22.05.2015

Ако се подели патеката за спуштање со оддалеченоста на Наска од Македониа, се добива големината на бродот, т.е. амблемот на кој пишува Македониа и тој изнесува 320 м. Патувањето со ракетата на иднината од Македониа до Наска изнесува 19 часа.





Сл. 446 Брод на обожествениот Македон укотвен на Македонското пристаниште - амблем.



**- Македониа**




**- МАКЕДОНИА**





Сл. 447/а Македонски (феникиски) брод - музеј во Барселона.[425] Сл.447/б Exekias Dionysos 540 мкд.е.п.п.христ.





Сл. 448 Македонска ракета со амблем – пустина Наска. Сл. 449 Безпилотно летало со бомба.

---

425 http://incompleta1.rssing.com/chan-6383173/all_p1.html, пристапено на 22.05.2015.



Сл. 450 Ракета која пристига од правецот на Македонија со капсула или бомба.

Бр. 5/1 **„Сонце ле сонце, богово јајце“**

Во пустината Наска се наоѓа површина на земја, која има елипсовидна форма налик на јајце, налик на женските усни и на зрно жито. Централната линија која се движи од натписот „ИЛИ“ го симболизира самиот почеток на формирањето на божеството ИЛИ, во правец од северозапад кон југоисток со вкупна должина од 9,5 км, формирајќи ја пирамидата на сонцето, скршнува кон југоисток со должина од 5 км. Линијата влегува во зеницата на двојното око, доаѓа до жижата и експлодира како роса или божја семенка и паѓа на пирамидата на божјата МАДОН. Централната линија, повторно скршнува кон исток со димензија од 7 км и паѓа на елиптична форма на која пишува: „У УСНИ СО ЈАЈЦЕ. Г УТ ОП П‘К.“ со значење: „ВО УСНИТЕ СО ЈАЈЦЕТО. СО ЉУБОВ ПО УТКАТА И ПО УТКАТА, СЕ РАЃА ПОВТОРНО ЖИТО.“

Значењето на јајцевидната форма, според неговата местоположба, поткрепено со натписот претставува боговото јајце, усните на божјата Мадон и зрно ЖИТО, симболизирајќи го почетокот на создавањето на земниот свет. Боговото јајце се наоѓа точно под птицата. Не постои претпоставка дека птицата е кокошка, туку според текстот е УТКА. Што значи, утката ги претставува воедно и смртта и животот. Врз основа на смртта (на ноќта, зимата и Господарот – Господ Македонец како Тешт), утката допринесува за раѓањето на сонцето и сончевите зраци персонифицирано во јајце, оплодено со ЕДЕН сончев зрак, што значи: „СЕ РОДИЛ ДЕНОТ СО ПРВИОТ СОНЧЕВ ЗРАК или СВЕТЛОСТА. Сублимирано би можеле да кажеме дека јајцето е персонификација на светлоста „SE“, симбол на духот божји Македон што претставува оплодувачка моќ. Зборовите: „Светло, светлост, сјае, блиста, блешти, блеска“, што значи „SE“ е, всушност, ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН. Во овој случај светлоста „SE“ влегува во усните на божјата Мадон, а од таа особина произлегува зборот „SEУС“ SE во усните. Оваа светлосна осовина („УЈ“) од европските научници е наречена ДЕВА, сврзувајќи го во групата на зборови од индоевропскиот јазик, (погоре е кажано дека индо - европски јазик е всушност македонски јазик).

Зборот ДЕВА[426] не е ништо друго, туку е ДЕНА или ДЕН што претставува СВЕТЛОСТ. Од ова произлегува името на БОГОРОДИЦА, која е „Дева Марија“ или ДЕНА МАРИЈА, ОСВЕТЛЕНА МАРИЈА или СВЕТЛА МАРИЈА, што значи оплодена дење со првиот сончев зрак, а според македонската вера, тоа се случува на ден XXI-ви март на врвовите на пирамидите на плодноста и многуте опсерватории низ светот, а една од нив е и „Кокино“.[427] Така што ова јајце не е јајце на создавање на универзумот. Ова јајце кое се раѓа под пирамидата на Земјата е создавач на земниот свет.

[426] За зборот ДЕВА, ДЕВАНАГАРИ види поопширно во книгата „Розата од вода“ од Едни Македонци на стр.294.
[427] Кокино, стр.82

Јајцето се наоѓа во непосредна близина на “македонскиот аеродром”, што може лесно да се претпостави дека птицата утка пристига од правецот на Македониа. Утката пак е свртена кон Македониа, што значи го симулира движењето на духовната и материјалната енергија од Македониа преку Наска пирамидите до мајката на ВСЕЛЕНАТА - Елена.




Сл. 451 бр.1 Богово јајце со натпис „Г УТ П’Г.




Сл. 451 бр. 5/2 Богово јајце родено од симболот на смрта за нов живот УТКАТА.

Истата тајна за раѓањето на земниот свет – рајот, распространетоста на Македонците на пет континенти и движењето на луѓето од ВСЕЛЕНАТА РАЈОТ, кон земниот рај и обратно, ни укажува на фактот дека Македонците се пратени од Бог, создавачи и господари на SEMJATA РАЈОТ, како божји деца и Господарите - Владетели Македонци. Тајната за раѓањето на земниот свет е заборавена, но траги од таа тајна се присутни на секаде низ светот, кај сите денес новоформирани племенски заедници и држави во вид на записи на камен и земја, како и со космогониските митови за кокошката и јајцето со повеќе или помалку веродостојни толкувања.

Да спомнеме неколку:

„Кај Кинезите првиот творечки импулс се наоѓал во кокошкиното јајце, додека кај Јапонците хаосот се изедначува со космичкото јајце. Во уралскиот регион, жолчката од орловото јајце е причина на создавањето на Месечината; во белоруската варијанта исто така среќаваме космогониски меур кој потсетува на космичкото јајце.“[428]

Ова сфаќање за погледот „SE“ како светлост, како дух божји, кој го среќаваме во македонскиот космогониски фолклор не води потекло ниту од Индија ниту од Иран и Сирија. Тоа сфаќање како дел од македонската вера, од народот македонски како автохтон народ на пет континенти со својата вера оставил траги на своите поданици, во вид на божества од нивните многубожни

[428] Исцрпни податоци за создавањето на светот со примери од други автори се среќава во книгата на Ермис Лафазановски „Македонските космогониски легенди“ стр. 33.

религии, во временски период од 400.000 г. па се до денес. Доказ за сфаќањето на светлоста како божество и дух божји, среќаваме во многу македонски легенди, како на пример во легендата „Господ и сонцето“ која се наоѓа евидентирана во книгата на Верковиќ. [429]




Сл. 452 бр. 6/1




Сл. 452 бр.6/2




Сл. 452 бр. 6/3




Сл. 452 бр. 6/4




Сл. 452 бр. 6/5




Сл. 452 бр. 6/6







Сл. 452 бр. 6/7 Бр. 6 Сл. 452 бр. 7/1

- Т УТ Н’Ш Л“ПА Г Р’СИ ИТА И ИЛ. - И У ИЛ ТАКА ИДУ

[429] За ова види и кај Драгољуб Драгојловиќ. Вера Стојчовска - Антиќ. „Митологумена на средновековната кирилска писменост. Македонска книга. Скопје, Република Македонија 1990 стр. 26.




Сл. 452 бр. 7/2




Сл. 452 бр.7/3




Сл. 452 бр. 8/1




Сл. 453 Дешифриран завршниот текст за патот на духот божји Македон.